СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2019 година.

Бр. 08-703/1
30 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18), во членот 4 став 1 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2018 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година“.

Во ставот 2 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2018 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.